**УДК 323.14 (497.7)**

**Прица Инес (Загреб, Хрватска)**

# ПОЛИТИЧКИ РАБОТИ НА НИВОТО НА ТРИВИЈАЛНОТО

Опевање на политиката на хрватската транзиција

*Апстракт:* Тривијализацијата на политичкиот дискурс ја прави современа Хрватска непријатен пример за повторно потсетување на *државата на национализмот и на антагонизмот* како симптом на постјугословенските услови. Во нивните вкочанети и комплицирани форми, повеќето од формите „познати отпорано“ како круцијални за национално ориентираните политики сега ноншалантно се оставени на елаборација од страна на поп-културата. Со двата интригирачки примери од хрватската поп-идеологија ги покажуваме парадоксите на културната критика исполнети со *мимикриската* природа на сопствениот традиционален предмет. Прашањето за „прекумерната“ или „недоволната интерпретација“ на неговата квазиполитичка содржина се проширува во вкупноста на општественото разбирање на транзициските култури, кои го заменуваат идеолошкото заради процедурална причина на нивната *политичка нормалност.*

*Клучни зборови:* политички дискурс, Хрватска, тривијализација, национализам, попкултура

Колку полесен станува современиот хрватски идентитет, со постепеното губење на неговите историско вкоренети врски, толку потешко станува истражувањето на поранешна Југославија *низ* концептот на национализмот (национализмите). Делумно, губењето на национално центрираните дискурси од јавната сцена покажува дека тие едноставно не се потребни, не се повеќе соодветни. Се чини дека главните цели се постигнати, започнаа меѓународните процеси на политичка нормализација и покрај сите контроверзи на воените случувања, како и потребите за национална држава кои се сметаат за анахрони. Така сега ние сме, волно или неволно, свртени кон спроведување на демократските процедури и дискусии за малцинствата на „едниот и единствен пат кон евроатлантските интеграции“ (како што гласи фразата).

Според тоа, од сите регулативни програми на трезната меѓународна политика, кај поголемиот дел од населението преовладува општоприфатениот заклучок дека независноста е „стекната“ точно врз основа на *историскиот континуитет на хрватскиот национален*

*идентитет*, со целата изречена „ирационална“[1] поддршка на оваа претстава. Возможно е таков консензус помеѓу учесниците одвнатре и однадвор да овозможи различно разбирање на значењата, но препорачливо е да се применуваат слични средства на актуелниот процес на политичко оправдување, што е круцијална точка за натамошно дебатирање на ограничениот *статус на национализмот и антагонизмот*. Заемниот договор на, во основа, процедуралната природа на *извршувањето на демократијата* отвори простор за произволност помеѓу прагматичните дела и *идеолошките умови*. Метафорички, она што порано беше национално ориентирана политика, „со демократија во срцето“, сега е демократски ориентирана политика, „со нацијата во срцето“. Така, возможното божемно придвижување кон *толеранција на политиката* функционираше како движење доволно самото на себеси кон *политика на толеранцијата*.

Целта тука е да се обелодени двосмислениот предмет на преминувањето на *националната* во *транзициска нарација*, процес кој го сочинува јадрото на идентитетот на политиката во Хрватска по 1990 г. Ова беше истуркано од страна на амбицијата за спектакуларно размислување на новата, капиталистичка и демократска природа на државната политика, но исто така и за да ги намали непровидните патишта на капиталот што го одбележува периодот на хрватската „прва транзиција“[2].

За таа цел, растегливата, влијателна и без голема сериозност сцена на попкултурните вредности и претстави функционира како најсоодветна основа, од кои барем еден од последните го најде својот интерес во додворувањето со чкрипливите работи на националната политика. Додека арбитрирањето на средствата за јавно информирање во дискурсот на создавањето на хрватската држава од почетокот на 90-тите години ја преобратија популарната култура во остра политичка инструментализација (*пејачкиот патриотизам* – singing patriotism)[3], победата на опозициските коалициски партии во 2000 г. и, најмногу од сѐ, јавното повлекување од националистичкиот дискурс по 2003 г. и повторното враќање на темелно

[1] За рационалноста наспроти ирационалноста во случајот со распаѓањето на Југославија види Bates & De Figueiredo, 1998.

[2] Среќко Пулиг поучно истакнува дека претставата за „втората транзиција“ во Хрватска е лукав либерален изум. „Со оглед на тоа што тие ја разбираат војната единствено како пречка на политичката транзиција, тие имаа потреба од алиби за приклучување кон политичкиот живот, наспроти последиците од криминалната воена транзиција“ (Pulig, 2007: без стр.). За уништувачките економски последици од „првата транзиција“ види кај Vojnić, 1999.

[3] Види Ramet, 2001, а исто така и Crnković, 2001 за „скришниот антинационализам во националистичкиот период, и Velikonja, 2002, Port, 1998 и Gordy, 1999 за балканската поп-култура.

реформираната ХДЗ[4] го предизвикаа закожурчувањето на потиснатата политичка содржина во сегменти. Тоа создаде квазиполитичка клима каде човек би можел поуверливо да „гласа“ за „политичките свесни“ забавувачи отколку за препознатлива партиска програма. Но, исто така беше откриено остро раскинување на легитимната матрица на политичка разноликост. Замаглувањето на принципите на „порано познатото“ да се биде претставник на левата или на десната политичка опција, вклучително и на оние поврзани со прашањата на политиката на националниот идентитет, отворија широк простор на хипотетички „либерални почитувања“ – впечатлива основа што ги овозможува сите убедливи рационализации на „сешто“ од хрватската транзиција, додека се отфрлаат пронајдоците на заедничкото резонирање и на „старомодната“ општествена критика[5].

Во задницата на критичната важност на бројните обиди за разбирање на менталитетот на југоисточноевропската транзиција, предводени од предвидувањата на општествената „нормалност“ за тоа кон што треба тие да се стремат, тука целта е да се покаже нешто во спротивна насока. Како недоследните погледи спрема глобалното, неолибералниот капитализам ги пронаоѓа начините како да се стационира во „laissez-faire“[*] транснационални окружувања, обелоденувајќи ги изненадувачки слабите точки на вообичаените аналитички алатки и практики на критика.

Пар хрватски „поп-политички личности“, познати во светот поради нивните претставувања на Интернет[6], направија исклучителни проблеми во нивната критика, фигури кои и двете се ефемерни во нивните креативни активности, но апсолутни за нивните верни консументи и поддржувачи.

[4] Хрватска демократска заедница, националистичката пратија порано предводена од претседателот Фрањо Туѓман. Инсистирајќи на реформите и процедурите за приклучување кон ЕУ по 2003 г., тие ги променија внимателно нивниот политички јазик и ставови, оставајќи го своето екстремно десно крило да биде нивна навредлива опозиција.

[5] Според Даскаловски „интелектуалците на Балканот, озлогласен регион кој продуцира толку многу мислители како Мирча Елијаде, Јулија Кристева и Славој Жижек, преживуваат тешки времиња совладувајќи ги процесите на демократизација. Десет години по промените на политичкиот режим, пет категории интелектуалци сега може да се забележат на Балканот: емигранти, бизнисмени, политичари, технократи и *влијателни* (Daskalovski, 2000: без стр). Или според мислењето на Борис Буден тоа е „разбирањето или неразбирањето на Западот што сѐ уште е клучен елемент на препознавање на ’автентичноста‘ или ’неавтентичноста‘ на работите што се јавуваат во негови рамки“ (Buden, 1996: без стр)

[*] Немешање на државата во економските работи (заб. на прев.).

[6] Официјални страници за Марко Перковиќ: www.thompson.hr и за Северина: www.severina.hr

**„Јас само пеам“**

„Тенка црвена линија? Не! Долг црвен тепих“
(Cvijetić, 2000)[7].

Трансформацијата на Северина Вучковиќ од една „невина“ и пристапна *селска девојка* (како што се вели во насловот на една од нејзините популарни песни) во крајот на 1980-тите до денес како недопирлива икона на хрватската гламурозна култура, претставува еден од најистакнатите, но исто така многу силно оспоруваните примери на некриминално успешна приказна на хрватската транзиција.

Низ сценариото на нејзината сопствена биографија, збиена во зборовите на нејзината позната песна „Јас само пеам и нема причина за вознемиреност“, таа го достигна прототипскиот *транзициски сон*. Победоносниот пат ја водеше неа од професионална некомпетентност (аматеризам) и од милјето на работничката класа, со целта на силна желба за промена и напуштање на старите вредности на заедницата, до фигура на огромно јавно влијание и приватно поседување. Меѓутоа, додека процесот на легализација на „оригиналните гревови“ на хрватските *тајкуни* се реализираше добро, со забелешките што беа толку бедни за да „ги осуетат нив“, Северина, како метафоричен лик на несоодветна *женска транзиција*, изгледа дека е обврзана постојано да ја објаснува нејзината „примарна акумулација на капиталот“.

Иако кратко изложена на компликации со скорешниот сексуален скандал, со пренесувањето на нејзиното украдено домашно видео, таа набрзо се врати назад со променета слика што треба да ја претстави неа како „нова личност“ каква што секогаш е, во целокупноста на нејзината произволна попкултурна личност. Порнографскиот скандал (со женет маж кој можеше да се идентификува) ја изложи поп–ѕвездата, од една страна, на исмевање поради конзервативните вредности што таа инаку ги промовираше (свет брак, мајка Богородица и фудбалскиот тим Хајдук од нејзиниот роден град – Сплит), и на сожалување, од друга страна, како жртва на злоупотреба на приватноста, вклучувајќи го тука и одговорот на

[7] „Иако поминаа речиси четири месеци откако се случи огромната победа на парламентарните избори на новата владејачка елита во Хрватска (коалицијата предводена од СДП), сè уште се чини дека државата е во шок. Вообичаено, во текот на последните десет години, поради состојбата на умот во која извршувањето на моќта е нешто што е, да го парафразирам Милан Кундера, ’некаде на друго место‘ или, со други зборови, поради проблемот со убавиот но далечен сон, беше сосема неподготвена за наглото и грубо будење. А тоа, во оваа вртоглава држава, има тенденција да се вплете во активности кои може да создадат една прекрасна фабула исполнета со суптилна иронија, каде што тие не прават политички нарушувања и не се потенцијално толку многу опасни“ (Cvijetić, 2000: без стр).

хрватскиот Хелсиншки набљудувачки комитет. Но, тоа беше само непланирано навестување на друго контроверзно појавување на Северина.

По сесрдното ангажирање на политичката иконографија и учеството во политичките кампањи на ХДЗ (со гордо истакнатото име на Фрањо Туѓман на истакнатите делови од нејзината маица), ја покажа нејзината целосна политичка индиферентност со нејзиното неочекувано и скандалозно „преминување кај левите". „Национално свесната" поп-фигура, на вчудовиденост на тесен круг интелектуалци, со замореност од политичките ангажмани, се појави во зората на изборната кампања во 2003 г. како карта адут на остриот противник на ХДЗ, Социјалдемократската партија (предводена од страна на неодамна починатиот Ивица Рачан). Поп-херојката, дотогаш наивно поврзана со политиката на нејзините поранешни работодавци, сега го зголемуваше рејтингот на новите, изведувајќи концерт на централниот плоштад во Загреб (весниците озборуваа, а никогаш не беше демантиран хонорарот од околу 200.000 евра). Како што е познато, СДП заедно со коалицијата ги загуби изборите во 2003 г. Вообичаено, Северина „само пееше", и потенцијалните гласачи тоа го знаеја многу добро. Па тогаш, како произлезе интелектуалните критичари и културните аналитичари, авторите на просветните колумни во весниците, да пронајдат „причини за да бидат вознемирени", обидувајќи се да откријат дали Рачан конечно го објавил неговото прагматично вовлекување кон десните, или е тоа само негово неизлечиво свртување за „комунистичкиот луксуз", или тој едноставно беше жртва на тоа „само пеење" на американскиот маркетинг?

„Водачот на СДП објави таква можност многу порано пред да почне кампањата: тој во едно интерву објасни дека би било сосема погодно доколку тој ги изгуби изборите. Тој ќе одмори, ќе го надомести спиењето и ќе живее удобен живот како порано. Некое време подоцна, тој се однесуваше во јавноста како губитник, одејќи наоколу со заморен поглед, без насмевка, како да сакал да ги заплаши и да ги истера потенцијалните поддржувачи. Некој веќе воочил дека неговите главни изборни придобивки – Кро Коп (Мирко Филиповиќ, популарна фигура во екстремните боречки спортови – Ultimate Fight, член на Парламентот во текот на коалиционата влада и сл.) и Северина – се израз на неговата потсвесна желба да ги изгуби изборите. Овој избор е целосно во духот на неговото скорешно однесување. Тој им се умилкуваше на десните во текот на неговиот мандат, и покрај тоа што тој никогаш не доби никаква корист од тоа, ниту пак привлече некого од таа страна – додека тоа ги одбиваше неговите сопствени луѓе. Тоа е истиот начин на којшто тоа ќе се случи исто така и овој пат. Американските советници кои му предлагаа некаков уличен третман на изборната кампања направија голема грешка. Во таа смисла, Хрватска сѐ уште не е Америка, фала му на бога, ниту, пак, Рачан е Шварценегер" (Lovrić, 2003: без стр).

Или, зарем не е тоа така, објавувајќи дека тој би можел да ја донесе на неговиот политички двор *најубавата танчарка*, тој само ја потврди општествената чувствителност на хрватската социјална демократија (!), која ги влече своите историски врски од „комунистичкиот царизам“, како што беше предложено од општествено драматичната варијанта на коментарот на настанот.

„Дали партиите се соочуваат со хрватската реалност, откако реалноста во околности на животот под елитата станува толку многу различна, и колку тие знаат за оние што немаат, за инвалидите, за оние кои се обидуваат да ја пронајдат сопствената смрт, и колку тие ги почитуваат пресните гробови врз кои некои од нив изградија скапоцени империи? Не смее да се повтори несреќната судбина на оваа земја уште еднаш. Како во времињата на војна, Хрватска има потреба од луѓе со силни програми, многу работа и враќање на надежта, за што папата Јован Павле II зборуваше толку елоквентно во текот на неговите посети, и што кардиналот Божаниќ повеќепати го истакнуваше. Може ли Надежта да се вклучи во предизборните настани, зашто, доколку може да им се верува на весниците, предизборниот концерт на Северина Вучковиќ ќе ја чини СДП 200.000 евра (од нашиот буџет)? Со нејзиниот статус како слободен уметник, благодарение на Министерството за култура, таа би можела, со оглед на тоа колку е ’дарежлива‘ да ги сподели парите со сите други слободни уметници, од писатели до музичари, кои често пати се гладни. Дали Хрватска се трансформира во најлошото возможно *Кабаре* или во некаков вид антички Рим кој се распаѓа под бремето на сопственото понижување. Северина е последна виновна за тоа. Зошто да не го земе тоа што толку дарежливо ѝ се дава? Тоа се парите собрани од оние кои немаат свои домови, од работниците кои не ги добиваат сопствените плати, од оние на кои им недостасуваат раце или нозе – така што циркусот може да продолжи, значи забавата може да продолжи, дури и тогаш кога светлата се изгаснати. Каде се на земјава интелектуалците, освен ако осиромашеноста не ги направила и нив понизни робови на некое од министерствата; се мисли дека интелектуалците престанаа да постојат. Комунистичкиот менталитет е утврден во универзитетите и училиштата (освен некои чесни исклучоци), и пипалата на овој менталитет исто така ја опфаќаат жедта за Северина и за Бриони (островот на Тито). Нивната интелектуална работа вклучува трчање со штафетата (за роденденот на Тито, прославата на Денот на младоста) и посетување на школата во Кумровец (партиска идеолошка школа), со психолошката компонента на мозочна формација со сопствена идеологија што создава ропски души“ (Ivanišević, 2003: без стр).

Како и да е, најжешката шлаканица на лицето на сериозната „прекумерна анализа“ на таквиот квазиполитички настан може да се најде во интерпретацијата на Северина во улога на „интервенција на космичка девојка“, појавност сè уште недоволно разбирлива во рамките на

неавантуристичката општествена сцена во Хрватска. Од таквата индиферентна премиса, изнесена со лесно срце, сме поканети да навлеземе во „подлабоките“ нивоа на работата, а тоа би се однесувало на начинот на кој таа се облекува, на нејзината сексуална привлечност и на нејзината вечна љубомора која е обвиена околу овој успешен „менаџер на нејзиното сопствено тело“, во атрофираното окружување на просечните хрватски гласачи – проклетството „кое никогаш нема да има можност да ја сретне Северина“.

„Отсекогаш имаше контроверзи околу нејзините песни и особено околу нејзиниот статус на ѕвезда. Сепак, Северина сѐ уште е барана. Значително мнозинство луѓе и понатаму има позитивно мислење за неа, или барем само го додаваат тоа митско ’но‘ што ја одржува нејзината позиција на врвот на денешниов шоу-бизнис. Секој *што имал можност да ја сретне Северина* ќе се согласи со заклучокот на Миљенко Јерговиќ дека таа е многу попаметна отколку што се песните што ги пее, додека нејзиното сопствено јас не се свило под товарот на прекумерната мистификација на нејзината сопствена работа. Поради сето тоа, ќе биде интересно да се видат консеквенциите од политичката авантура на Северина во којашто таа го позиционира својот статус како ѕвезда, нејзината харизма и, ајде да бидеме искрени, нејзината сексуална привлечност во служба на изборната кампања на СДП. Би било многу поинтересно да се споредуваат реакциите ако Северина се согласеше да настапува за некои од ултрадесничарските опции, и тоа за симболична заработувачка. Во тој случај, ’женскиот Томсон‘ немаше да се појави за да дејствува толку чудно. Северина самата тврди дека таа се согласила да пее само за оние кои ѝ ги понудиле најдобрите услови. И зошто публиката е шокирана поради оргомната сума под такви околности, политичарите исто така, дури и оние од партијата за коишто таа ’се бори‘ се противат заедно со рокерите кои го носеа товарот на забавата на нивните грбови во последната изборна кампања на СДП, и тоа за многу помалку пари. Циниците би можеле да коментираат дека Рачан еднаш се појавил на рок-сцената рамо до рамо со Будиша[8], но во тоа време тој беше избран како добро промислена медиумска опција за него самиот и за партијата што тој ја предводеше. И доколку на изборите се победеше врз основа на вакви критериуми, не постои човек кој не би гласал за другар кој би можел да го замени Будиша со Северина. Меѓутоа, *враќањето кон посериозниот дел од сторијата* нѐ носи назад до тоа која е Северина, уште еднаш, на кој начин ја реализира нејзината работа во професионална смисла. Таа не зборува за политика, но вообичаено ги знае патиштата околу политиката. Секој што се сомнева во ова би требало да погледне кон облеката што таа ја носи на предизборните концерти. Нема ни збор од тесните облеки околу телото и

[8] Поранешен водач на хрватските либерали, што се должи на неговата харизма за неговата позиција на водач на хрватското национално движење од 1971 г. (Хрватска пролет).

типот жешки, тесни панталони што вообичаено ги носи на нејзините концерти, и наместо тоа, имате доста воздржан избор на жена која знае дека каков било придонес од нејзина страна за евентуалната победа на СДП не би бил никогаш признат, но дека сигурно би била лесно издвоена и прекорена за евентуалниот голем пораз“ (Radović, 2003: без стр).

Така, изгледа дека единствено интелектуалните и политички „нервозни“ коментатори имаат потреба да бидат погрешно фокусирани „на Пејачот и на Политичарот“ како симболички круцијални фигури на политичкиот статус на културата. Повеќе отколку погрешно претставени актери во текот на привремените транзициски инциденти. Луѓето го слушаа слободниот концерт на многу саканиот пејач под „општествено демократска организација“ и потоа одеа мирно да гласаат за противниците. Нема ништо скандалозно во тоа. Сосема спротивно, што може подобро да претстави како резонираат просечните гласачи отколку апсурдноста на политичкиот настан, „ирационалноста“ која не се состои во остроумната диференцијација на тривијалните и чисто политичките вредности, туку во тоа што таа збрка е збиена во акумулираното искуство на политичките отстапки кои ги претвораат демократските избори во фарса на *едноставно гласање*?

*Повторна анализа на ова!*

„Тие го прогласија патриотизмот за фашизам и на таков начин го заштитија нивниот комунизам“ Томсон, (*Once upon the time in Croatia*).

Дали Марко Перковиќ Томсон, сепак, „само пее“? Спорниот уметник тврди дека всушност тој не пее само, туку станува збор за чисти патриотски и христијански вредности кои тој ги промовира во сопствената лирика. Но тој бездушно одбива да застане зад одвратните конотации што ги буди на неговите концерти и пошироко.

Селското момче, кое никогаш не се откажа од неговата предаденост спрема „камените гени“ кои го направиле него да се чувствува горд и жилав каков што е, влезе несмасно во воената популарна култура, со селски, заripнат глас што излегуваше од неговата уста без заби. Денес тој има меѓународна[*] слава, и покрај неговиот контроверзен карактер[9], а исто така тој е длабоко преобразен музичар со голема поддршка од сцената зад себе. Неговиот публицитет се должи, спротивно на оној на Северина, на крајно сериозната, речиси харизматична изведба, дизајнирана околу несекојдневните „готски“ симболи, со меч како централна карактеристика на неговата „средновековна“ нарација за изгубените корени и другите

[*] Авторката во англискиот текст го користи терминот interna(e)tionally, сакајќи да ја истакне двосмисленоста на неговото место на домашната и меѓународната сцена (заб. на прев.).

[9] Во врска со Интернет-аспектите на популарноста на Томсон види Senjković & Dukić.

распуштености на модерната цивилизација. Стиховите на занесната музика на хрватскиот овчар и рокер главно се посветени на историскиот лелек за хрватскиот народ и националните херои кои биле жртви на претходниците или, исто така, на денешниве „комунисти“. Хрватската војна за независност ги криминализираше своите херои кои клечат во Хаг додека нејзините плодови ги уживаат хипокритските политичари додворувајќи им се на новите светски господари – ова е, накратко, *манифестот* (*the manifesto*) на Марко Перковиќ, наречен Томсон како резултат на неговите омилени оружја од деновите на одбраната. Манифестот, во некои точки, не е многу далеку од забошотуваните евроскептични и легитимни антиглобалистички барања, но сосема е блиску до мрачното наследство на хрватската историска стигма. Проблемите за него, а истовремено и неверојатниот публицитет дома и во дијаспората стекнат од илјадници посети на неговите концерти и веб-страници, започнале во моментот кога вниманието на јавноста почна да скршнува повеќе кон „ефемерните“, контекстуални знаци на неговите изведби.

Местото каде што феноменот на Томсон, дотогашен неправеден камен на сопнување на различни аргументи за и против, речиси ги достигна сопствените „ограничувања во интерпретациите“ беше целосно индикативно. Мрачната изведба на криминализираните песни, што ги величаа концентрационите логори на фашистичката НДХ, се појави на крајот на сосема истата независна страница каде што пред очите на јавноста беше откриено забавното видео на Северина. Индикативно за *суштината на родот* е дека и двата најполитизирани поп-скандали на хрватската традиција беа скратени, што за Томсон исто така претставуваше момент за соочување со болното прашање на неговата херојска машкост.

„Кога нејзиното порно беше пуштено на Интернет, таа застана зад тоа, признавајќи дека ’тоа беше всушност нејзино‘, барајќи од нив да ѝ ја вратат нејзината лента назад. Кога скандалот кој се однесува на твоите настапи на ’Јасеновац и Градишка Стара‘ експлодира, зошто ти не се појави пред публиката да го кажеш тоа што имаш да го кажеш?“ (Vodopivec, 2004: без стр).

Како што Томсон продолжуваше да се брани во стилот на *јас само пеам*[10], скандалот е турнат во ќор-сокак во неговата процедурална судска расправа. Во очајничката потрага по зрнцата на политичкото верување во чудесните травестии на хрватската поп-идеологија[11], се претвори во главно прашање за тоа кој, во кој момент и со какви резултати застана зад случајните последици од таквата „елаборација“ на нејзините најболни сегменти.

Пејачот направи дека „тоа не е тој“, а официјалните претставници не беа во состојба или не сакаа да реагираат соодветно. Не е само поради

[10] „Јас не знам кои се тие луѓе што пеат со усташите. Јас не се занимавам со тоа“ (Vodopivec, 2004: без стр).

[11] За злоупотребата на идеологијата во поп-културата види Đurković, 2003.

тоа што некои од нив уживаа во музиката на Томсон, така што тие *само слушаа и немаше причини за да се вознемируваат* со нејзината расипничка конотација. Не е само проблемот на нејаснотиите на уставноста на законот за говорот во однос на национално-расната омраза, формулиран првенствено на начин да се избегне сличноста со претходниот ноторен, полициски и тоталитарен режим. Тоа е, исто така, поради неговата музика, која, со посредство на остро прифатените неидеолошки критериуми, би требало да биде признаена одделно, поради нејзината очигледна содржина, а не за нејзината скриена намера. Како што видовме во претходниот случај, секој може да избере од случајните маргиналии од контекстот, мешајќи ја заблудата со суштината и обратно. Не се ли многуте пораки на Томсон само прашање на карневалски епски жанр, како максимата „Дево Маријо, можеш ли да го сториш тоа, да го земеш Стипе и да го вратиш Фрањо назад“?[12] Па, тогаш каде сме ние, претерано и нејасно на крајот, да се оди со нашите буквални анализи на псевдоисториските знаци и шеми кои се реални симптоми на „нешто друго“?

Благодарение на таквото „херменевтичко“ срамење, случајот на Томсон се претворил во тврдокорен спор на националниот идентитет со неизвесните рационалности.

„Тој се претвори во вид на хрватски бог Јанус. За обожавателите тој е симбол на ’деновите на гордост и слава‘, а за оние кои го презираат, примитивен националист кој ’не пее, туку рика‘. Израснат од традиционалната патријархална и епска култура, од фолклорот на херојските песни и ’камените гени‘, со неговите песни тој вообичаено ги буди долго забошотуваните и заборавени национални етоси. Додека многумина, исто така и помеѓу неговите слушатели, не можат да го разберат и да му го простат богохулството познато како Јасеновац и Градишка Стара, за неговите критизери тоа станува круцијален доказ за неговото усташко скршнување. За споменатиот дел од публиката на Томсон е неприфатливо некој што ги живее христијанските вредности да биде поврзан со нешто толку монструозно. Но, суштински, Томсон е пејач на разочараното и фрустрирано *хрватство*, на оние кои не очекуваа дека создавањето на Хрватска би можело да биде едноставен законски и политички акт, а не национално будење. Томсон е пејач на нивната војничка гордост и повоени разочарувања“ (Jajčinović, 2007: без стр).

Засега, единствениот негов забранет концерт беше оној што требаше да се одржи во Сараево во април 2007 г.[13] Во поново време,

[12] Го велам ова инспирирана од последните претседателски избори во Хрватска кои Томсон исто така ги користи во своите концерти. Се алудира на современиот и либерален Стипе Месиќ и покојниот поранешен претседател на Хрватска за коишто се посакуваше да си ги променат своите места на небото и на земјата со помош на Богородица.

[13] Благодарение на здруженото вето на еврејската и исламската заедница, како и на Унијата на антифашистите на БиХ.

концертот на Томсон во Канада беше речиси забранет како резултат на ветото од страна на центарот „Симон Визентал“. Наместо тоа „хрватската неонацистичка ѕвезда на 2 ноември 2007 г. настапува во градот на Велвет Андерграунд, Рамонес и Пети Смит“[14] благодарение на дозволата од надбискупската диецеза на Њујорк и пред да биде претставен англискиот превод на лириката. „Тие беа чисти“[15].

„*Не-заклучни забелешки*“

Непријатната смеса на хрватската поп-идеологија доведе до распаѓање на критичката мисла, а победените во некоја смисла беа зацврстени. Со оглед на фактот што обелоденувањето на транзициската „монструозност“ непосакувано работи во корист на објавувањето на, првенствено осудената, „автентичност“, тие постепено ја предаваат „земјата во која планинските кланови се судруваат со глобалната потрошувачка реклама и постмодерноста со феудализмот“ (Pavičić, 2004: 18).

Можеби културната анализа генерално не успева кога опсесивно ги собира политичките значења од попкултурните феномени[16]. Но, зарем не би можело тоа да биде и обратно, во „препредените“ околности на транзициското расудување, каде што културната тривијализација генерално функционира како мимикрија, при што се исклучува задушената политичка содржина и од достигањето на општествената критика и од законодавните процедури[17].

Транзициските култури изгледа дека не се веќе дофатливи во смисла на некоја уверлива врска помеѓу општественото знаење и општествените феномени. Копирањето на знаците кои *може да не значат ништо*, туку се само вид на феноменолошко „флертување“, што континуирано бара подлабоки слоеви за анализа, го става општественото разбирање на границите на сомнителна прекумерна интерпретација: „прекумерност во чудењето“ кое доведува до „преценување на важноста на

---

[14] „Marko Perković Thompson on the world tour“, H-alter, електронски весник на хрватската алтернатива 25. 10. 2007. http://www.h-alter.org/tekst/simon-wiesenthal-centar-protiv-thompsonova-koncerta-u-new-yorku/6945#hot

[15] „Г. Вајцман се заложил кај кардиналот Едвард М. Еган, римокатолички надбискуп на Њујорк, да го откаже концертот во културниот центар раководен од страна на хрватската црква Св. Кирил и Методиј на X авенија и улицата 41. Јозеф Цвилинг, портпарол на надбискупијата, рекол дека црковните великодостојници истражувале но не нашле ништо што би ги потврдило обвиненијата. Турата на г. Перковиќ е да ги посети Торонто, Кливленд, Чикаго, Лос Ангелес, Ванкувер, Британска Колумбија, и Сан Хозе, Калиф“ (*Croatian Rocker Draws Anti-Nazi Protests*, By The New York Times. Објавено на 1 ноември 2007 г.).

[16] Како што сугерира Meaghan Morris, 1990.

[17] „Сите класични политички идеологии во ерата на мас-медиумите и поп-културата ги трансформираат значењата, што може да ги доведе нивните иманентни дијалектики до целосно опасни политички консеквенции“ (Đurković, 2003: 1).

коинциденциите кои може да се објаснат на други начини“ (Eco, 1990: 167)[18].

Сепак, како што се претпоставува, ние би требало да знаеме за што станува збор тука: за професионална деформација за измислување субверзија во рамките на баналноста или за поголем когнитивен привид кој ја турка „левичарската имагинација“ да биде замолкната во залекувањето на нејзината аналитичка параноја и општествено застранување[19].

Хрватска сигурно влезе во нејзината постполитичка ера, на тој начин што ги стави настрана нејзините поранешни практики на национално-центристичка идентификација, свртувајќи се кон процесите на демократска политичка „нормализација“. Во однос на 1993 г., човек би можел да зборува за некои радикални културни промени кои се појавиле тука. Но, од многу други инстанци, исто така, има и други промени кои ја туркаат до работ на општествената и културната нормалност, или, во најмала рака, постои заедничко резонирање во врска со тоа. Како што би рекол Зоран Рошко, хрватски претставник на новата, посттеориска мисла: „нешто истовремено застрашувачко, возбудувачко и здодевно се случува тука. Работите се променуваат толку брзо така што тие стануваат непредвидливи и веќе не создаваат шок, туку повеќе индиферентност: *horror-porno-ennui*“ (Roško, 2002: 120).

**Референци:**

Bates, H. Robert; De Figueiredo, Rui J. 1998. "The Politics of Interpretation: Rationality, Culture, and Transition". Politics Society n. 26: 221-249.

Bhabha, Homi. 1994. “Of Mimicry and Man”. *Location of Culture.* London: Routledge.

Bey, Hakim. 2003. *TAZ. Privremene autonomne zone, i drugi tekstovi* (Katarina Peović Vuković, ed.). Zagreb: Jesenski i Turk.

Buden, Boris. 1996. "Neću novi ni bolji svijet". Interview with Nina Ožegović. Vijanac br. 75. 21.11. 1996.
www.arkzin.com/bb/intervws/vijenac.htm

[18] Еко прави дистинкција помеѓу интерепретација и прекумерна интерпретација кога текстот „целосно“ се употребува во наши сопствени цели. За поширокта дебата види Fetveit, 2001: 180.

[19] Според српскиот филозоф Миле Савиќ, во обновувањето на идејата за „ангажиран интелектуалец“, во парадоксалната смеса на политички *децисионизам* (*одлучување* заб. на прев.) и општествено „бегство од реалноста“, ние стануваме жртви на општата носталгија за „херојската улога на марксистичката интелектуална авангарда“ (Savić, 2002: 1).

Crnković, Gordana. 2001. “Underground Anti-Nationalism in the Nationalist Era”. In *Nationalism, Culture, and Religion in Croatia since 1990.* (Pavlaković, Vjeran, ed.). The Donald W. Treadgold Papers in Russian, East European and Central Asian Studies, No. 32.

Cvijetić, Saša. 2000. “Red Carpet District”, Central Europe Review, vol 2, No. 15. www.ce-riew.org. 15.04. 2000.

Eco, Umberto. 1990. The Limits of Interpretation. Bloomington: Indiana University Press.

Daskalovski, Židas. 2000. "Five flavours of brain". Central Europe Review, vol2, no 5, 7.2.2000. www.ce-riew.org

Dukić, Davor; Senjković, Reana. 2005. "Virtual Homeland? Reading the Music of a Particular web page". International Journal of Cultural Studies. vol 8(1): 45-63.

Đurković, Miša. 2003. "Pop-politika i pop-ideologija. O (zlo)upotrebi masovne kulture i umetnosti u ideološke svrhe". Republika, br. 266-267. 1-31.

Fetveit, Arild. 2001. "Anti-essentialism and reception studies. In defence of the text". International Journal of Cultural Studie. vo. 4(2): 173-199.

Gordy, Eric. 1999. The Culture of Power in Serbia: Nationalism and the Destruction of Alternatives. University Park: Penn State University Press.

Ivanišević, Đurđica. 2003. “Vodite stranke, ne zaboravite narod”. *Fokus. Hrvatski tjednik*. 7.11.2003.

Jajčinović, Milan. 2007. "Hrvatski bog Janus", Večernji list 5.11. 2007.

Lovrić, Jelena. 2003. “Je li Račan predao izbore?”. *Novi list*, 14.11.2003.

Morris, Meaghan. 1990. "Banality in Cultural Studies". in Logics of Television, Patricia Mellencamp (ed.): Bloomington: Indiana University Press.

Pavičić, Jurica. 2004. „I Božić posta Nova godina“. *Jutarnji list*, 3.1.2004.

Port, Mattijs van de. 1998. *Gypsies, Wars and Other Instances of the Wild. Civilization and its Discontents in a Serbian Town*. Amsterdam University Press.